# Стратегија и акционен план на Младинската мрежа Блу скај за периодот 2008-2010 година

Скопје, декември 2007 год.

## Визија

„Граѓанско општество во чие градење младите имаат активна улога“

## Мисија

„Младинската мрежа Блу скај го поттикнува развојот на младите преку создавање на можности за лична надградба, промовирање позитивни вредности и поддржување креативни идеи“

## Области на делување

1. Поттикнување на личен развој на младите
2. Промоција на позитивни вредности
3. Учество на младите во креирањето на младински политики
4. Институционалне развој и организациско јакнење на Блу скај

## Стратешки цели

1. Развивање на вештини, знаења и способности мај младите за нивно активно вклучување во општествениот живот
2. Младите да создаваат, поддржуваат и почитуваат позитивни вредности
3. Поддршка на учество на младите во креирањето и имплементирањето на младински политики
4. Блу скај да се развие во функционална, стабилна и одржлива организација водена од млади лидери

## Приоритети

Младинската мрежа Блу скај препознава приоритети во различни области од своето работење во периодот 2008-2010 година. Притоа посебен акцент е ставен на институционалниот развој и организациско јакнење на организацијата, во кое се вклучени трансформација на организациската структура како и структурата на Мрежата и стратешкиот избор на донаторите и партнерите. На тој начин самата организација се заврстува во однос на стратегиските одлуки кои ги носи како и осигурува формирање на млад компетентен тим кој ја води. Во тој процес, несомнено како приоритет се издвојува и личниот развој на младите луѓе и размената на нивните искуства како и користење на истото во имплементацијата на програмите на Блу скај.

Воедно, Младинската мрежа Блу скај е насочена и кон промоција на позитивните вредности во општеството при што како такви ги препознава: животот во хармонија со природата, социјалната инклузија, мултикултурализамот, врсничката едукација, тимската работа и креативноста и иницирањето и спроведувањето на младински политики на локално, национално и меѓународно ниво. Притоа, како свои приоритетни партнери ги препознава Британскиот совет во Македонија, Министерството за образование и наука, Универзитетите и националните агенции за млади. На локално ниво, пак од посебно значење е соработката со локалните самоуправи и средните училишта кои се директно поврзани со целната група на Блу скај.

## Проблеми и потреби

Денешната поставеност на образовниот систем во нашата земја нема предвидено многу воншколски активности и не му дава многу можности на младиот човек тој да се развива во насоките на своите интереси и афинитети.

Недоволната афирмираност на неформалното образование е само еден од проблемите кои придонесуваат кон моменталната состојба. Генерално, во нашата земја, иако постојат организации кои работат на ова поле, неформалното образование не допира многу до младите, а најмалку до владините институции кои се одговорни за образованието во нашата земја. Како резултат, младиот човек не добива доволно можности за личен развој и останува пасивен во рамките на својата заедница.

Втор проблем со кој се соочуваме е неинформираноста на младиот човек како би можел да се вклучи и позитивно да влијае врз оваа состојба. Факт е дека младиот човек е изолиран од сите случувања и настани. Информацијата што младите воопшто не се вклучени во донесувањето на одлуки, како и не така големиот број на младински политики исто така придонесуваат за состојбата во која се наоѓаат младите во Македонија.

Блу скај како организација на млади лидери е повеќе од мотивирана да работи во насока на обезбедување на повеќе можности на младите луѓе, а со тоа и да го промовира неформалното образование, мултикултурализмот, потребата за осознавање на Европа итн.

## Активности

Во периодот 2008-2010 година Младинската мрежа Блу скај ќе реализира активности во склоп на четирите програмски области на делување горенаведени.

Во областа „Поттикнување на личен развој на младите” ќе се организираат работилници на различни теми, средби на млади луѓе со професионалци од различни области, летни школи и ќе се овозможи учество на млади луѓе од Блу скај во меѓународни семинари и размени. Исто така ќе се продолжи спроведувањето на веќе тековните програми за поддршка на локалните клубови – нивните иницијативи и проекти.

Во рамките на втората програмска област, „ Промоција на позитивни вредности”  ќе се формираат нови локални клубови како и универзитетски клуб во етнички мешани средини. Воедно, ќе се спроведе проект за животната средина, проект за вклучување на лицата со хендикеп и промовирање на човечките вредности. Исто така, ќе се реализира проект за промоција на мултикултурализмот, проект/активност за поттикнување на врсничка едукација и еден проект за поттикнување и давање можност за креативно изразување.

Работата на Блу скај во следната програмска област, „Учество на младите во креирањето на локални младински политики”, ќе вклучи организирање на работни средби за обука на локални клубови за соработка со локалната самоуправа, спроведување на истражувања за младински политики, спроведување на проекти предвидени со локални младински политики и национален проект за промовирање на потребата од постоење на локални младински политики. Членови и/или клубови на Блу скај ќе учествуваат во активности за креирање и/или спроведување на национални младински политики и интернационални младински политики.

Во рамките „Институционален развој и организациско јакнење на Блу скај ќе се спроведуваат истражувања за интересите на младите луѓе, ќе се одржуваат обуки за локални координатори и одговорните лица за координирање на програмите на локалните клубови. Исто така, ќе се одржуваат обуки на сите членови на координативните тела, национален проект за јакнење на капацитетите на локалните клубови, како и едукативни тренинзи од различни области значајни за успешна работа на локалните клубови користејќи ги човечките ресурси од Алумни клубот.

**<u>ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ И ПОКАЗАТЕЛИ НА УСПЕХОТ</u>**

Со активностите кои Блу скај ги превзема во насока на поттикнување на личниот развој на младите најмалку 1500 млади луѓе ќе добијат шанса да стекнат нови вештини и простор да ги усовршат своите таленти за поуспешно вклучување во општествениот живот. Индикатор кој ќе ги поткрепи овие бројки претставува бројот на млади кои ќе ги посетат овие активности. Преку промовирање на проекти кои допринесуваат за промоција и ширење на позитивните вредности помеѓу младите претпоставка е дека свеста меѓу младите за потребата и за важноста од практикување на позитивните вредности ќе биде зголемена. Показател за успехот ќе претставува зголемениот процент на членови на Блу скај кои доаѓаат од етничките заедници како и од маргинализираните групи како и учеството во проекти од страна на младите.

Зголемена свест помеѓу младите и надлежните институции за важноста од имање и правилно имплементирање на младинските политки претставува очекуван резултат од активностите предвидени во оваа стратегија во делот за младински политики. Успешноста би зависела од бројот на младински политики во кои Блу скај членовите би биле вклучени како и обуките кои би биле спроведени во насока на зголемување на свеста помеѓу младите и бројот на иницирани проекти. Сите овие аспекти би го имале предусловот да бидат исполнети доколку биде изградена стабилна и самоодржлива организациска структура која би се базирала на компетентни млади кадри. Во овој случај индикатори би претставувале бројот на млади и нивото на компетентност за вклучување во раководните структури, адаптацијата на новата раководна шема, бројот на склучени партнества и бројот на донатори.